Kosevaliska, Olga (2015) *The 'Equality of arms' in Macedonian criminal procedure.* SEEU Review, 11 (1). pp. 123-131. ISSN 1857-8462. Во овој труд авторката го елаборира правото на правично судење во кривична постапка согледано низ „еднаквоста на оружјата" помеѓу одбраната и обвинителството со особен осврт на еднаквоста при користење на доказното средство вештачење.

Apasiev, Dimitar and Kosevaliska, Olga (2015) *Ius Militare – Military Courts in the Roman Law (I).* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 21 (1). pp. 389-397. ISSN 2307-4531. Во овој труд авторите прават обид за елаборација на воените судови т.н. inconstant coercions (coercitio) во Римската Империја. Овие судови се вонредни кривични судови коишто имале мандат само за време на војна.

Tusevska, Borka and Kosevaliska, Olga (2015) *Правната заштита на јавните набавки низ призмата на кривичното граѓанското и управното право.* International magazine for social sciences "VIZIONE " Skopje, 23 (1). pp. 161-177. ISSN 1409-8962/ 1857-9221 (online). Фокусот на истражувањето во овој труд е правната заштита на јавните набавки и тоа од призма на кривичното, граѓанското и управното право. Целта на трудот е да се анализира применливото материјално право во Република Македонија, во полето на доделувањето на договорите за јавни набавки, и да се утврдат предностите и слабостите на постојниот правен режим, проблемите во практиката, не/примената на основните принципи на кои почива доделувањето на договорите за јавни набавки. Посебно внимание во трудот е посветено на компаративната анализа на одредбите од кривичното, управното и граѓанското право.

Buzarovska-Lazetik, Gordana, Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2015) *The "Extension" of the Roman Criminal Law in Today's Macedonian Criminal Laws.* Mediterranean Journal of Social Sciences MCSER Publishing, Rome-Italy, 6 (2). pp. 318-323. ISSN 2039-9340 (print) 2039-2117 (online). Целта на овој труд е да се покаже огромното влијание коешто римското кривично право го извршило на модерните казнени законодавства. Авторите со овој труд на еден начин ја докажуват „екстензијата" на Римското кривично право и во македонското кривично право, илустрирајќи ги институтите кои денес се дел од нашето кривично законодавство а кои оригенерно потекнуваат од антички Рим.

Buzarovska - Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar, Kosevaliska, Olga (2015) *Вештачењето и „еднаквоста на оружјата".* Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, 22 (1). pp. 33-48. ISSN 1409-5327. Принципот на правнично судење, гарантиран со член 6 од ЕКЧП изразен преку неговиот есенцијален елемент - еднаквоста на оружјата е главна тема на овој труд. Авторите преку истражување на судската пракса, прават обид за согледување на предностите кои ги има обвинителот во кривичната постапка, а кои го ставаат истиот во поповолна положба наспроти одбраната, во случаите кога станува збор за примена на вештачењето и на новиот институт на технички советник во кривичната постапка.

Tusevska, Borka and Miseva, Kristina and Kosevaliska, Olga (2015) *The personnel capacities and needs of small and medium trade companies seen through the traineeship in Republic of Macedonia.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 24 (7). ISSN 2307-4531. Предмет на анализа на овој труд претставуваат кадровските капацитети на малите и средни носители на деловни потфати, од перспектива на практикантите и волонтерите во Република Македонија. Во трудот се искористени повеќе научноистражувачки методи, во насока на утврдувањето на реалните потреби на малите и средни трговски друштва,

во корелација со кадровските политики на високото образование, практикантите и волонтерите во Република Македонија.

Kosevaliska, Olga (2014) *Medical Pharmacological Treatment (A. K. A. Chemical Castration) in the Macedonian Criminal Code.* Balkan Social Science Review, 4 (1). pp. 25-45. ISSN 1857- 8772. Целта на овој труд е да се елаборира ново имплементираниот институт „медицинско-фармаколошки третман на сторители на кривичното дело полов напад врз дете кое не наполнило 14 години“ уште познат како хемиска кастрација во Македонија. Авторката исто така дава приказ на примената на оваа „мерка на безбедност“ во сите законодавства во светот, како и укажува на предностите и слабостите од нејзината примена.

Buzarovska-Lazetik, Gordana, Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2014) *School bullying - A comparative approach -.* Iustinianus Primus Law Review, 6 (10). pp. 1-18. ISSN 1857-8683. Во овој труд авторите прават обид за елаборација на феноменот „насилство во школото“ согледано низ неговите феноменолошки појавни облици – физичко, психичко и сајбер насилство во основните и средни училишта во Македонија. Авторите исто така ги елаборираат и применливите политики и стратегии на релевантните органи за превенција од насилство во училиштата.

Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2014) *Adequacy of the new terminology in the Law for justice for children.* Balkan Social Science Review, 3 (1). pp. 1-20. ISSN 1857- 8772. Во овој труд авторите даваат анализа на новото законодавство релевантно за децата сторители и децата жртви на кривични дела, согласно со Закон за правда за децата. Авторите дават краток историски приказ на малолетничкото казнено законодавство и потоа прават обид за детектирање на некозинстентните термини и одредби од новото законодавство.

Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2017) *Притвор во постапката спрема деца.* Зборник на трудови од Четврта научна меѓународна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, 4 (4). ISSN 978-608-244-353-9. Целта на овој труд е да го проблематизира прашањето за притворот во македонското кривично законодавтсво, неговата законска уреденост и потребата од допрецизирање на законските одредби во овој дел. Исто така, во трудот се укажува на потребата од доимплементирање на ратификуваните меѓународни инструменти во Законот за правда за децата и се даваат компаративни аспекти на законската уреденост на притворот за малолетничките законодавства на земјите во регионот.

Kosevaliska, Olga and Davkova, Lidija (2017) *Перење пари и други приноси од казниво дело во македонското казнено законодавство.* Зборник на трудови од Четвртата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“. pp. 605-619. ISSN ISBN 978-608-244-423-9. Имајќи го предвид фактот дека законското битие на кривичното дело „перење пари и други приноси од казниво дело” претставува особено комплексно дејствије на постапување на кое секогаш му претходи друго инкриминирано дејствије, авторките приоѓаат кон една негова посеофатна анализа и критика како и „огледување“ на нашата инкриминација со светските трендови заради имплементирање на нови законски решенија во насока на превенција и спречување на перењето пари. Авторките ја елаборираат неговата поврзаност со кривичното дело даночното затајување.

Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2016) *Конфискација на имот и имотна корист во случај на аболиција.* In: Social change in the global world, 1 Sept 2016, Stip, Macedonia. Авторите на овој труд ја анализираат можноста од конфискација на имот и имотната корист од наводно сторените кривични дела во случајот со аболицираните политичари. Не навлегувајќи во исправноста на одлуките за аболиција, во трудов се елаборира можноста од примена на конфискацијата.

Buzarovska-Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2015) *Слободното судско уверување и индивидуализацијата на санкциите во светлината на законските решенија за воедначување на казнената политика.* Зборник на научни трудови, Втора научна меѓународна конференција Општествени промени во глобалниот свет, 3-4 септ. 2015, Штип, 1 (2). pp. 117-147. ISSN 978-608-244-267-9. Во труд е елабориран Законот за определување на видот и одмерување на висината на казната, како и нужноста од донесувањето на овој Закон и компаративно истражување за т.н. sentencing guidelines и нивната облигаторност односно факултативност при одредувањето и одмерувањето на казната.

Tusevska, Borka and Kosevaliska, Olga (2015) _The enforcement of the decision of prejudicial question._ Человек в глобальном мире, материалы Международной научной конференции (Воронеж, 18–20 мая 2015 г.). pp. 54-57. ISSN ISBN 978-5-9273-2207-7. Во овој труд се анализа концептот на правосилност на одлуките по претходни прашања во граѓанските и кривичните постапки. Главната идеја во истражувањето е да се укаже на врзаноста на граѓанскиот суд со одлуките донесени во кривичните постапки и влијанието на одлуките донесени во граѓанска постапка, во случај кога како прејудициелно прашање се поставува дилема од кривично-правен карактер.

Buzarovska - Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar(2014) _Предизвиците на новата кривична постапка против деца._ In: Општествените промени во глобалниот свет, 11-13 Sept 2014, Правен факултет, УГД - Штип. Успехот во борбата против детското престапништво во голема мера зависи од адекватниот пристап на надлежните институции во постапката против деца. Оттука, овој труд има за цел да ја анализира постапката против дете кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело, компаративно да направи споредба со претходните одредби од Законот за малолетничка правда за да се укаже на предностите кои што ги дава новата легислатива.

Kosevaliska, Olga (2017) Малолетничкиот казнен систем во контекст на теоретските амбиции на медијацијата, Годишник на Правен факултет „Јустинијан Први“, во чест на проф. д-р Марјан Марјановски, 2017, бр.56. Еден од најголемите предизвици на казнената реформа е да ги признае своите ограничувања и слабости и да ја прифати потребата од проширување на погледот кон алтернативните постапки и адаптирање на теоретскиот дел кон новите предизвици за надминување на проблемите кои се јавуваат во секојдневниот живот. Овој труд ја обработува токму оваа проблематика врзана за алтернативното решавање на спорови во случај кога како сторител на кривично дело ќе се јави дете.

Tusevska, Borka and Miseva, Kristina and Kosevaliska, Olga (2016) _Практичната настава во Република Македонија согледано преку дисциплината и посветеноста на студентите на правните факултети._ Годишен зборник 2016, Правен факултет. pp. 139-151.

Ivanova, Elena and Kosevaliska, Olga (2015) _Зајакнување на акузаторните елементи преку новиот концепт на главната расправа во кривичната постапка на РМ._ Годишен зборник на Правен факултет, 3 (3). ISSN 1857-7229. Во овој труд авторите даваат детален преглед на сите фази од реформата на ЗКП како нужна елаборација за правилна примена на новиот закон и неговото дословно спроведување. Реформата предвидува внесување акузаторни елементи во текот на главната расправа којашто е подигната на ниво на централен стадиум на постапувањето. Во новиот концепт на главната расправа авторите заклучуваат дека се забележува пасивизација на судот како неутрален арбитер за сметка на нагласена активност на страните, засиленоста на дел од фундаменталните начела за текот на главната расправа како што се непосредноста, усноста, јавноста и контрадикторноста. Рамноправноста меѓу странките и „еднаквоста на оружјата“ се зацврстуваат со поголемата контрадикторност и можноста за вкрстеното испитување како нова техника на добивање одговори од доказните средства.

Nikodinovska Krstevska, Ana and Tusevska, Borka and Kosevaliska, Olga (2016) _EU and Macedonia. Heading towards a common crisis management strategy?_ In: Contemporary concepts of crisis management, 14-16 Dec 2016, Ohrid, Macedonia. Предмет на истражувањето во трудот е мигрантската криза, со фокус на Република Македонија, која поради својата географска положба е во прва „борбена“ линија со бранот на мигранти во патот на остварувањето на нивната цел. Овој труд ја обработува и улогата на FRONTEX во помагањето на Македонија да се справи со бегалската криза.

Kosevaliska, Olga and Tusevska, Borka and Nikodinovska Krstevska, Ana (2016) _Migration crisis: Macedonia at crossroads._ In: Migration at sea. International Legal Perspectives and Regional Approaches. Giannini Editore, Naples, Italy, pp. 61-76. ISBN 978-88-7431-818-6. Предмет на истражувањето во трудот е мигрантската криза, со фокус на состојбата на мигрантите во Република Македонија, како крстосница за мигрантите во патот на остварувањето на нивната цел. Во трудот се обработени повеќе аспекти на ова проблематика, неисклучувајќи ги и економските (превенствено политики), социолошките, политичките итн.

Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2014) *Шенгенски информациски систем и заштита на податоците во него.* In: Втора меѓународна конференција „Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија“, 30-31 Oct 2014, Skopje, Macedonia. Целта на овој труд е да го елаборира Шенгенскиот информациски систем и да ги прикаже предностите и слабостите на овој систем а особено да укаже на сериозното ограничување на правото на заштита на лични податоци при нивната обработка во овој систем.

Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2014) *Информатичкиот систем на ЕВРОПОЛ.* In: Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија: Зборник на трудови / Втора меѓународна научна конференција, 30-31 Oct 2014, Skopje, Macedonia. Една од главните задачи на ЕВРОПОЛ е собирање, чување, обработка, анализа и размена на податоци и разузнавачки информации, како и известувања до надлежните органи на земјите-членки за информациите што ги засегаат и за сите откриени врски меѓу кривичните дела. Овој труд има за цел да го елаборира Информатичкиот систем на ЕВРОПОЛ и да укаже на неговите предности и недостатоци кои би можеле да го нарушат и доведат во прашање мандатот на ЕВРОПОЛ.

Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga (2016) *Заштита на деца жртви на кривични дела и сведоци во кривичната постапка.* Стручно списание „Правник“ (293). pp. 50-60. ISSN 1409-5238. Кривично правната заштита на децата жртви во казнениот систем на Република Македонија е поставен врз начелата на „Правда за децата“ кои ги вклучуваат правата на децата да можат да учествуваат во судските постапки на начин соодветен за возраста а во согласност со најдобриот интерес. За сите дејствија што со закон се предвидени како кривични дела во Кривичниот законик, во кои според законските обележја на делото детето се јавува како жртва на истото, судот и другите органи што учествуваат во постапката се должни да преземат мерки за помош и заштита и да постапуваат на начин на кој ќе се избегнат можните штетни последици за неговата личност и развој. Овој труд ја елаборира токму положбата на детето жртва на кривично дело.

Kosevaliska, Olga (2014) *Електронски докази во кривичната постапка.* Стручно списание „Правник“, 268 (268). pp. 56-62. ISSN 1409-5238. Целтта на овој труд е да даде еден краток преглед на дигитална форензика од генерални дефиниции за електронските докази во компаративните законодавства, во отсуство на истите во македонското законодавство, да ги идентификува можните извори на електронските докази, понатаму да ги елаборира основните принципи кои што се однесуваат на евалуацијата и аквизицијата на овие докази и конечно да го илустрира нивниот третман како докази во македонското кривично законодавство.

**Книга**

Buzarovska - Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2015) *Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со закон.* Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со закон, 1 (1). Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје. ISBN 978-608-4655-53-4. Подготвениот учебник е наменет, пред сè, за студентите на студиите од втор циклус на правните науки, но може да помогне и во совладување на материјата посветена на децата во ризик и за студентите на прв циклус на правните науки.

Kosevaliska, Olga and Nikodinovska Krstevska, Ana and Tusevska, Borka (2017) *Ромите во текот на претходните анализи на Рамковниот договор.* Здружение на правата на Ромите - Штип, Штип. ISBN 978-608-245-243-2. Оваа книга претставува една од активностите коишто се спроведени во рамките на проектот „Мрежа на ромски граѓански организации“, под раководство на Здружението на правата на Ромите - Штип. Во книгата се прави анализа на досегашните документи коишто вршеле анализа на Рамковниот договор. Ова со цел да се утврди застапеноста на Ромите во претходните анализи на договорот, наспроти застапеноста на Албанците или пак другите малцински населенија во Република Македонија.

**Монографија**

Tusevska, Borka and Miseva, Kristina and Kosevaliska, Olga (2017) *Практичната настава на студентите во Република Македонија – предизвици и перспективи на студентите од правните факултети.* Project Report. Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Целта на овој труд е да се согледа практичната димензија на концептот на практичната настава што се спроведува на правните факултети во Република Македонија, од перспектива на степенот на сериозност и дисциплина на студентите. Во насока на остварувањето на целта спроведено е истражување врз приватниот и јавниот сектор во Република Македонија, каде што студентите во најголем дел реализираат практична настава за време на првиот циклус на студии.

Tusevska, Borka and Kosevaliska, Olga (2018) *Comparative legal aspects of corporate crime*. Judicial reforms and anti -corruption practices : challenges, prospects and transfer of experiences, 1. pp. 75-94. ISSN 978-608-248-023-7. Целта на овој труд е да го елаборира теоретски и практично „корпоративниот криминал“ во контекст на компаративните правни решенија, теоретските концепти и практични импликации.

Kosevaliska, Olga (2013) *Приватноста versus безбедноста во размената на податоци во кривичните предмети во ЕУ.* PhD thesis, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ - ***докторска дисертација.*** Докторската дисертација на кандидатката Олга Кошевалиска е структурирана во шест глави, придружена со вовед и завршни согледувања, напишана на 334 страници. Цитирањето во дисертацијата е спроведено според Ванкуверскиот систем. При изработката на дисертација е користена обемна литература, особено странска, во вкупен обем од 456 извори.

Основна цел на дисертацијата е да докаже дека во услови на закана за националната безбедност во ЕУ, а оттука и во Македонија, кога е неопходно, легитимно е да се „жртвуваат“ основните човекови права – правото на приватност и правото на заштита на лични податоци. Со цел да се осигури приватноста и заштитата на лични податоци, важно е правилно да се разбере идејата за урамнотежување на индивидуалните права наспроти националниот интерес. Минимизирањето на ограничувањето на правото на заштитата на лични податоци е од особена важност. Случаите кога се ограничува ова право мора да бидат рестриктивно определени и да се применуваат само во случаи на сигурен резултат. Во тезата е дадено решението на овој проблем. Датабазите и системите за собирање, обработка и пренос на податоци да бидат поставени така што и покрај минимално повредување на правото на заштита на лични податоци да даваат максимални резултати. Кандидатката заклучува дека методите што ги применуваат би требало да бидат минимално инвазивни. Понатаму, секоја од државите треба да обезбедува заштитата на личните податоци на национално ниво, а ЕУ да го обезбеди ова на супранационално ниво.

Појдовната теза носи наслов „Приватноста vs. безбедноста во размената на личните податоци во ЕУ“. Во овој дел од тезата кандидатката дава одговор на прашањата кои податоци или бази на податоци се достапни за органите на прогонот во земјите членки и како се пристапува во нив од другите земји членки. Клучен дел за оваа дисертација е делот за безбедноста и сигурноста *versus* приватноста. Во овој дел е прикажана загриженоста како и недостигот на доверба во постоечките датабази, како и недостатоците на сите претходно елаборирани инструменти, постапки, начини на трансфер на податоци односно на нивната заштита. Кандидатката смета дека заштитата на лични податоци е израз на личната слобода и дигнитет. Оттука, не смее да се толерира личните податоци да се користат на начин којшто прави од човекот објект на постојан надзор и мониторинг, особено преку посебните истражни мерки. Правото на заштита на лични податоци е право кое ја овозможува приватноста и суверeноста на поединецот. Националната сигурност е и од општествен и од поединечен интерес. Таа исто така е основна за суверенитетот на поединецот. Така кандидатката доаѓа до тезата на оваа дисертација. Неизбежен е вистинскиот баланс помеѓу општествениот (националната безбедност) и приватниот интерес (заштитата на правото на лични податоци). Правото на заштита на лични податоци нема апстрактна вредност односно неговата вредност зависи од заканата за националната безбедност како противтежа во конкретниот случај.

Lazar, Nanev and Kosevaliska, Olga (2018) Малолетничко казнено право – скрипта, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип; Ова учебно помагало е посветено на санкциите коишто можат да се изречат спрема децата се наметна со оглед на фактот што оваа материја од материјалното, процесното и пенетенцијарното казнено право се издвои во посебен закон. Новите приоди во постапувањето беа првично прифатени во Законот за малолетничката правда, којшто се применуваше од 2009 до 1 декември 2013 година, а истите со мали измени постојат и во Законот за правда за децата. Подготвеното учебно помагало е наменето, пред сè, за студентите на студиите од прв циклус на правните науки, но може да помогне и во совладување на материјата посветена на децата во ризик и за студентите од втор циклус на правните науки.

Lazar, Nanev and Kosevaliska, Olga (2018) Малолетничко казнено право – практикум, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Подготвениот практикум содржи обрасци за процесните решенија со кои се изрекуваат воспитните мерки и тоа дисциплински мерки, мерките на засилен надзор, заводските мерки, понатаму алтернативните мерки, казните и мерките на безбедност. Овој практикум е наменет, пред сè, за студентите на студиите од прв циклус на правните науки, но може да помогне и во совладување на материјата посветена на децата во ризик и за студентите на втор циклус на правните науки.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата со задоволство ги прегледа доставените документи на кандидатката д-р Олга Кошевалиска, објавените научни и стручни трудови, учебните помагала, учествата на меѓународно научни конференции, активности од научноистражувачки проекти, стручно-апликативна и организациска работа и врз основа на севкупната нејзина активност од изборот во доцент до денес заклучи дека д-р Олга Кошевалиска ги исполнува условите за избор во вонреден професор во областа казнено право, согласно со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

За целокупната активност во периодот од избор во доцент до денес, кандидатката д-р Олга Кошевалиска има по основ на научноистражувачка работа, наставно-образовна работа и стручно-апликативна, односно организација работа, остварено (НО30 +НИ200+САОР34 = 264) или вкупно 264 поени.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип д-р Олга Кошевалиска да биде избрана во **звање вонреден професор во научната област казнено право.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

**Академик Владо Камбовски претседател, с.р.**
**Проф. д-р Гордана Лажетиќ, с.р.**
**Проф. д-р Лазар Нанев, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕБОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| **ВКУПНО** | | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Монографија или научна книга<br>Труд бр.36 | 1 | 10 | | | **10** |
| **2.** | Дел од монографија или научна книга<br>Труд бр.35 | | | 1 | 10 | **10** |
| **3.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | (прв автор) - 6х9 = 54<br>Труд бр.1,6,8,14,16,28<br>(втор автор) - 7х6=42<br>Труд бр.2,7,9,10,11, 15,30<br>(трет автор) - 6х3=18<br>Труд бр.3,4,5,12,13,29<br>Вкупно: 54+42+18=114 | | | | **114** |
| **4.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 10х2=20<br>Труд бр.<br>17,18,19,20,21,<br>22,24,25,26,27 | | 1х3=3<br>Труд бр.23 | | **23** |
| **5.** | Одржано предавање по покана од научна институција<br>Летна школа за кривично право, 2016 и 2017<br>Медицинско кривично право, Правен факултет УКИМ, Elsa | 3Х2=6 | | | | **6** |
| **6.** | Одбранета докторска теза | 1х8=8 | | | | **8** |
| **7.** | Одбранет магистерски труд | 1х4=4 | | | | **4** |
| **8.** | Учесник во научен проект | 1х2=2 | | 1х3=3 | | **5** |
| **9.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати)<br>Vizione | 1 | | 1 | | **1** |
| **10.** | Студиски престој во странство | 8 | | | | **8** |
| **11.** | Рецензент на научен трудСЦИ/ЦА/останати | 11 | | 1 | | **11** |
| **ВКУПНО** | | | | | | **200** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Книга<br>Труд бр.37 и 38 | 2 | 10 | | | **20** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | Труд во стручно (научно-популарно списание)<br>Труд бр.31 и 32 | 2 | 2 | | | **4** |
| **3.** | Продекан | 1 | 8 | | | **8** |
| **4.** | Член на факултетски орган, комисија<br>Деканска управа | 1 | 2 | | | **2** |
| **5.** | **ВКУПНО** | | | | | **34** |
| Поени кои се однесуваат на целокупната актива на кандидатот | | НО | НИ | САОР | | |
| **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | **30** | **200** | **34** | | **264** |